Образец бр. 2

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

   Отсуство на адекватна правна рамка за поддршка на новите електронски решенија за електронска регистрација во трговскиот регистар, регистарот на други правни лица при Централен регистар, за електронско поврзување на ЦРМ со Агенција за вработување и социјалните фондови, како и за електронските решенија за заложниот регистар и регистарот за лизинг договори и новиот регистар на стечајните постапки во Република Македонија.

   Неусогласеност на законот со мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

   Генералната цел на овие измени и дополнувања на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица е да се воведе правен основ за реализација на електронските решенија кои се развиваат во рамките на Проектот едношалтерски систем - Втора развојна фаза. Со измените ќе се овозможи од моментот на целосна оперативност и функционалност на електронските решенија за упис во трговскиот регистар, регистарот на лизинг, заложниот регистар, регистарот на лица кои не можат да управуваат и основаат трговски друштва, електронски внес на податоци кои ќе се третираат како правно релевантни и согласно кои ќе се изврши упис во надлежен регистар

   Усогласување на законот со мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

   Единствено решение и измена на законот за едношалтерскиот систем за да се овозможи електронско поднесување на документи и прилози во постапките на упис во трговскиот регистар, регистарот на други правни лица, регистарот на лизинг, заложниот регистар, регистарот на стечаи и регистарот на лица кои не можат да управуваат и основаат трговски друштва, заради намалување на административните трошоци, скратување на времето за бизнис заедницата во

процесот на исполнување на законските обврски за упис во регистри на податоци од значење за остварување права и за усогласување на законот со мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Предлог закон за измена и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

**Опис:**

Предложените измени се во насока на усогласување на законот со мерките за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

1. **Трошоци**

Предлог законот не предизвикува трошоци по буџетот на Република Македонија и по однос на приватниот сектор во 2011 година

2. **Трошоци и фискални импликации за решението**

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ
НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Назив:<br>Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица | Министерство / орган на државна управа :<br>Министерство за економија |
| Цел на предлогот:<br>Предлог закон | Вид на предлог:<br>Информација |
| Контакт лице и звање:<br>Александар Поповски, раководител на сектор за ЕУ | Контакт тел./факс или е-пошта:<br>3093-467, aleksandar.popovski@economy.gov.mk |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност: | | | | |
| Вид на барање: | () Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | (^ ) Нова програма<br><br>() Зголемување / намалување на постоечка програма | | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |
| Цел на барањето / предложената активност: Усогласување со Европското законодавство | | | | |
| Врска со владината програма: Европски интеграции | | | | |
| Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| A. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| B. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| E. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F. Зголемување / намалување на приходите | 0 | | | |
| Г. Дополнителни извори на финансирање или споредување на трошоците | 0 | | | |

| | |
|---|---|
| 10. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 |
| 11. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | |
| 12. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | |
| 13. Дата на завршување на проценката | 26.09.2010 |
| 14. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | 26.09.2010 |
| 15. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 16. Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| 17. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 18. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 19. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |
| 20. Одобрено/Дата: Државен секретар, Катерина Костеска _____.10.2010 Ден / месец / год. | Министер, Фатмир Бесими ________________ Ден / месец / год. |

А. Вкупни трошоци за предлогот наменети за предлог законот: нема, овој закон се донесува откако е завршен процесот на развој на потребниот софтвер и достигнато нивото на техничко-технолошка подготвеност на Централен регистар за електронско водење на регистрите согласно решенијата во склоп на ЕШС2.

## 3. Придобивки

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни / Намалени глоби и дополнителни мерки изречени согласно овој закон и воведување на едукација

- Електронско регистрирање трговски друштва
- Електронски регистар на стечајни постапки
- Електронска пријава на прво вработување

- Електронско испраќање на договори за лизинг и залог

4. **Ризици и претпоставки**

Ризикот да не се изврши измена на Законот за едношалтерски систем би значела оневозможување на натамошниот развој на електронските решенија за потребите на бизнис секторот во Република Македонија, поефтина, побрза и целосно без корупција постапка на внес на податоци во јавните регистри. Истовремено недонесувањето на овој предлог закон ја оневозожува елементарната потребна правна рамка за функционирање на софтверските решенија на проектот Едношалтерски систем 2.

5. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Централен Регистар на Република Македонија

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

- Изготвување на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   Александар Поповски, раководител на Сектор за Европска интеграција aleksandar.popovski@economy.gov.mk / 02 3093467

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

   Катерина Костеска, државен секретар
   тел.+389 2 3093-404

e- mail:katerina.kosteska@economy.gov.mk

Фатмир Бесими, Министер за економија тел. +389 3093 408
е-маил: minister @economy.gov.mk

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | <br><br><br><br>3.10.2010 |
| 8 | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9 | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 1 | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 1 | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 1 | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

**Јас*, Фатмир Беисми ,*** изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
................................................................................ Датум:
Датум: